## SAMSUNG D780



"Samsung" официјално најави уште еден мобилен телефон, кој ќе може да работи со две сим картички. Станува збор за моделот D780 Duos. Во "Samsung" велат дека не станува збор за наследник на моделот D880, туку за проширување на Duos серијата, која очигледно во иднина ќе добие уште членови. Корисниците кои мораат да носат два телефона ќе ги израдува фактот дека во D780 двете картички можат да работат истовремено и не е потребно префрлување од еден на друг број, туку и двата постојано се активни. Samsung D780 има камера со резолуција од 2 мегапиксела, 2.1 инчен дисплеј со QVGA резолуција, Bluetooth 2.0 со поддршка за A2DP, слот за мемориска картичка и атрактивен стилски дизајн. Samsung D780 ќе се појави на пазарот во мај и тоа во две бои - црна и сребрена.

## ТАСТАТУРА КОМПЈУТЕР



Иако личи на стариот Commodore 64 и 128 на кои процесорот и сите важни компоненти им беа ставени во тастатурата, сепак ZPC-GX31 е значително подобар од нив. Новата генерација на сè-во-едно персонални компјутери дефинитивно зафаќа помалку простор и нема големи забелешки за нивната функционалност. Со големина на нормална тастатура ZPC-GX31 е иновативен пакет со доволно моќ, перформанси и компатибилност. Во него е сместена матичната плоча Intel G31 Express Chipset со Intel Core 2 Quad процесор, 1MB DDR2/667MHz RAM со можност за надградба до 4 MB, 1Gb LAN, CDRW-DVD, или DVD+/-RW и има можност за Dual Display.



